PEFC
PEFC/10-31-1247

Creation: bd-ntwk – Edition/Réalisation : Gutenberg Networks – Automobiles Peugeot
RC Paris B 552 144 503 – Printed in Macedonia – August 2010

Печат на импортерот/дилерот

www.peugeot.com.mk




3008 PEUGEOT

# ЖИВЕЈ ПОИНАКУ

Peugeot 3008 е компактно возило, позиционирано како Crossover инспириран од SUV, MPV и лимузина. Беспрекорната линија го претставува неговиот заштитнички темперамент и безбедното држење на траекторијата на движење независно од условите на патот. Имате желба да живеете поинаку? 3008 ќе ја исполни, со самото тоа што тој е поинаков од другите.





# ИНОВАТИВЕН ДИЗАЈН

**Ергономија и комфор**
Есенцијални информации се прикажани на задната страна на инструмент таблата на антирефлективното проѕирно стакло наречено head-up display*. Покрај исклучителната прегледност, на возачот на ниво на погледот му се претставени информации за брзината на возилото, темпоматот или ограничувачот на брзина и информации од системот Distance Alert* (предупредување за држење на растојание од другото возило).

**Технологија и мултимедија**
Peugeot 3008 нуди аудио и мултимедијални уреди од последната генерација. Peugeot MP3 CD/радио WIP* навигација со приказ во 2D или WIP com 3D навигација со вграден хард диск*, DVD читач и USB приклучок. Интелигентниот уред за навигација кој Ве води до сигурна цел, има исклучително квалитетен и елегантен дизајн. Тој Ви овозможува слушање на музика и разговори на мобилен телефон, а воедно да сте слободни да се посветите на безбедно возење. За љубителите на врвниот звук,



тука е и HiFi JBL системот на дополнителни појачала и звучници кој овозможува врвна репродукција на музиката.

*На располагање како опција во зависност од верзијата.

**Grip Control®***
(контрола на пролизгување на тркалата)
Со "crossover" 3008 ќе доживеете незаборавни моменти при патување. По снег или песок, во лето или зима, 3008 се прилагодува и Ви помага полесно да ги совладате условите на патот. Со специфичните пневматици "Mud and Snow", Grip Control® го олеснува движењето на возилото со погон на две тркала и обезбедува безбедно и возбудливо возење. Достапен како опција, овој систем нуди дополнителни можности во зависност од барањата на теренот. Со оптимизација на системот ESP за различни типови на возна површина, преку употреба на еден од петте програми се постигнува подобро прилепување врз површината, пренос на силата како и возните особини.

*Достапен како опција во зависност од верзијата.








# АСИСТЕНЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ

Благодарејќи на искуството на Peugeot и примената на новите технологии, Peugeot 3008 нуди однесување на патот кое го чини да биде доследен на класата лимузини, што е исклучок за вака пространо и високо возило.








**Distance Alert®***
**(предупредување за држење на растојание од другото возило)**
Поврзан со Head up приказ и користејќи специјален радар во предниот дел на возилото ги надополнува постоечките системи како што е темпоматот. Овој систем му помага на возачот да одржува безбедно растојание од возилото напред. Системот делува преку прикажување на предупредувања кои овозможуваат да возачот има контрола  во текот на целото возење.

*Достапен во зависност од пакетот на опрема.

**Електрична паркирна сопирачка**
Peugeot 3008, претставувајќи ја новата технологија опремен е со електрична паркирна сопирачка со цел за Ваша удобност. Оваа сопирачка автоматски се активира при гаснење на моторот и автоматски се отпушта при тргнување на возилото. При тоа, го активира Hill Assist кој овозможува автоматско задржување на возилото на угорнина и негово полесно тргнување.

**Предни и задни паркинг сензори***

Паркинг сензорите овозможуваат беспрекорна асистенција за време на маневрирањето со возилото при паркирање.  За постоењето на пречки на патот, паркинг асистенцијата однапред Ве предупредува со ознака на head-up екранот и со звуци различни по интензитет во зависност од близината на објектот.

*На располагање како опција во зависност од верзијата.

# МУЛТИТАЛЕНТ

Генијален и практичен, 3008 е дизајниран да одговори на сите Ваши потреби. Модуларен со три нивоа на отворање на багажниот простор и задни склопливи седишта, 3008 ги поедноставува нештата во Вашиот живот!

### Задна врата од багажниот простор

Задната врата се отвора по вертикала на два дела каде поголемиот дел нагоре, а помалиот дел се накосува надолу. Со ова се овозможува едноставно товарење на тешки и кабасти предмети. Багажниот простор е оспособен за товар до 200kg.

### Три позиции на патосот во багажниот простор

Иновативна и исклучително практична модуларна преграда на багажникот може да се постави во три положби:

1. Максимален волумен на багажникот
2. Совршено рамен багажник во рамниште со утоварната платформа
3. Во рамниште со затворена утоварна платформа, со што се овозможува дополнителен простор за багаж додека товарот на долниот дел е совршено заштитен.

### 2/3 – 1/3 склопливост на задната клупа

За уште поголем простор, 3008 располага со задна склоплива клупа. Склопувањето на седиштата се извршува со многу едноставна активност преку притискање на контролите за преклопување лоцирани во багажниот простор*. 3008 располага и со многу прегради во кабината и три приклучоци од 12V.

*На располагање како опција во зависност од верзијата.





1.





2.



3.


3008



# МОТОР ЗА СЕЧИЈ ВКУС

Благодарение на голем избор на мотори, 3008 нуди исклучителни особини на држење на патот.

**Дизел мотори**
3008 може да биде опремен со еден од 4-рите дизел мотори. Како доказ за грижата на Peugeot за околината, сите дизел мотори се опремени со филтер за честички (FAP) кој ја намалува емисијата на штетните честички дури на едвај мерливо ниво.

- **1,6L HDi 16V 110 KC FAP BMP6 (6 брзински полу-автоматски менувач)**
  Овој мотор со запремнина од 1560 $cm^3$ и моќност од 110 KC е во согласност со Euro 4 FAP стандардите и ослободува само 130 g/km $CO_2$. Кога е во позиција на автоматски мод, потрошувачката на гориво е многу помала во споредба со конвенционалниот мануелен менувач.
- **1,6L HDi 16V 110 KC FAP BVM6 (6 брзински мануелен менувач)**
  Овој мотор е исто така со запремнина од 1560 $cm^3$ и моќност од 110 KC. Тој е во согласност со Euro 4 FAP стандардите и ослободува само 137 g/km $CO_2$..
- **2,0L HDi 16V 150 KC FAP BVM6 (6 брзински мануелен менувач)**
  Овој мотор е со запремнина од 1997 $cm^3$ и максимална моќност од 150 KC. Тој е во согласност со Euro 5 FAP стандардите и ослободува само 146 g/km $CO_2$. Опремен е со 6 брзински мануелен менувач.
- **2,0L HDi 16V 163 KC FAP BVA6 (6 брзински автоматски менувач)**
  Со новиот мотор и запремнина од 1997 $cm^3$. Опремен е со Porsche tiptronic секвенционално контролиран автоматски менувач. Со ова се заокружува гамата на дизел мотори кои се достапни на 3008. Тој е веќе во согласност со Euro 5 FAP стандардите.

**Бензински мотори**
На располагагање се три бензински мотори кај 3008.

- **1,6L VTi 16V 120 KC BVM5 (5 брзински мануелен менувач)**
  Овој бензински мотор со запремнина од 1598 $cm^3$ и максимална моќност од 120 KC ги задоволува Euro 5 нормите и ослободува само 165 g/km $CO_2$.
- **1,6L THP 16V 156 KC BVM6 BVM6 (6 брзински мануелен менувач)**
  Овој бензински мотор со запремнина од 1598 $cm^3$ и максимална моќност од 156 KC ги задоволува Euro 5 стандардите и ослободува само 167 g/km $CO_2$.
- **1,6 L THP 16V 156 KC BVA6 (6 брзински автоматски менувач)**
  Овој бензински мотор со запремнина од 1598 cm3 и максимална моќност од 156 KC ги задоволува Euro 5 нормите и ослободува само 178 g/km $CO_2$.

**Суспензија и Dynamic Rolling Control***
Благодарение на искуството на Peugeot, предната и задна суспензија кај 3008 овозможуваат однесување на патот достојно на вистинска лимузина.
Dynamic Rolling Control** е уред кој дава поголема динамичност на возилото. Ги подобрува особините при возење т.е. намалено навалување на возилото во кривини, а притоа задржувајќи ја удобноста. Тоа е постигнато со хидраулично поврзување на задните амортизери со што е постигнат оптимален компромис помеѓу удобноста и однесувањето во кривини.

*во зависност од верзијата и земјата на продажба
** во зависност од моторот



# PEUGEOT И ОКОЛИНАТА

Peugeot нуди голема гама на возила со ниска емисија на штетни гасови. Повеќе од половина од неговата продажба во светот се однесува на возила кои емитуваат помалку од 140 g/km на $CO_2$.

Оваа прформанса се базира на докажана технологија во која Peugeot е лидер: постои широка гама на дизел мотори комбинирани со филтер за честички (лансиран уште 2000 година на Peugeot 607), повеќе од 2,1 милион возила се опремени со тој филтер (99,99% намалување на емисијата на честичките), интегрирањето на Stop & Start, развој на новата генерација на HDi мотори, итн.

# ПОТРОШУВАЧКА НА ГОРИВО

| Мотори | Бензин | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1,6L VTi 16V 120 KC | 1,6L THP 16V 150 KC | | 1,6L THP 16V 156 KC Euro 5 | | 1,6L THP 16V 156 KC Euro 5 | |
| Менувачи | BVM5* | BVM6** | | BVM6** | | BVA6** | |
| Наплатки/фелни | 16” и 17” | 16” и 17” | 18” | 16” и 17” | 18” | 17” | 18” |
| Во град (L/100km) | 9,8 | 10,6 | 10,8 | 9,9 | 10,0 | 10,7 | 10,8 |
| На отворен пат (L/100km) | 5,6 | 5,6 | 5,8 | 5,6 | 5,8 | 6,0 | 6,1 |
| Комбинирана (L/100km) | 7,1 | 7,4 | 7,6 | 7,1 | 7,3 | 7,7 | 7,8 |
| Емисија на $CO_2$ при комбинирана потрошувачка (g/km) | 165 | 176 | 179 | 167 | 169 | 178 | 182 |

| Мотори | Дизел | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1,6L HDi 16V 110 KC FAP | | 1,6L HDi 16V 110 KC | | 2,0L HDi 16V 150 KC FAP | | 2,0L HDi 16V 163 KC | |
| Менувачи | BMP6**** | | BVM6** | | BVM6** | | BVA6*** | |
| Наплатки/фелни | 16” и 17” | 18" | 16” и 17” | 18" | 16" и 17" | 18" | 17" | 18" |
| Во град (L/100km) | 5,9 | 6,1 | 6,5 | 6,7 | 7,1 | 7,2 | 8,7 | 8,8 |
| На отворен пат (L/100km) | 4,3 | 4,5 | 4,4 | 4,5 | 4,7 | 4,8 | 5,4 | 5,5 |
| Комбинирана (L/100km) | 4,9 | 5,1 | 5,1 | 5,3 | 5,6 | 5,7 | 6,6 | 6,7 |
| Емисија на $CO_2$ при комбинирана потрошувачка (g/km) | 130 | 135 | 137 | 140 | 146 | 149 | 173 | 176 |

*BVM5 : Мануелен менувач со 5 брзини
**BVM6 : Мануелен менувач со 6 брзини
***BVA6 : Автоматски менувач со 6 брзини
****BMP6 : Роботизиран мануелен менувач со 6 брзини

# ЧУВСТВУВАЈТЕ СЕ БЕЗБЕДНО

Peugeot 3008 користи технологија на последната генерација како би овозможил максимална безбедност на своите патници и учесниците во сообраќајот и беспрекорно држење на патот.

**Зајакната структура на возилото**
Основната структура на 3008 е посебно зајакната за да може максимално да го заштити патничкиот простор на возилото.

**Воздушни перничиња**
Во случај на удар, патниците се заштитени со 6 воздушни перничиња.

- 2 предни воздушни перничиња кои ги заштитуваат возачот и совозачот од преден удар.
- 2 странични воздушни перничиња сместени во наслонот на предните седишта ги заштитуваат возачот и совозачот од страничен удар.
- 2 странични воздушни завеси кои заштитуваат од повреди на главата.

**ESP**
Сите верзии на Peugeot 3008 имаат беспрекорно држење на патот благодарение на опремата за активна безбедност. ESP (Electronic Stability Program) ја комбинира контролата на стабилноста со регулаторот против пролизгување (ASR) овозможувајќи стабилност на патот и контрола над возилото.

**Темпомат**
Peugeot 3008 сериски е опремен со регулатор и ограничувач на брзина.



# БОИ И ТКАЕНИНИ

Peugeot 3008 е достапен во 9 бои на каросеријата и 7 типови на внатрешност кои го истакнуваат елегантниот стил на возилото.

## МЕТАЛИК БОИ

(опција)



Abyss сина



Hickory кафеава



Aluminium сива



Shark сива



Nera Pearl црна



Vapour сива

## АКРИЛНИ БОИ



Hurricane сива

## ПЕРЛА БОИ

(опција)



Pearl бела



Babylon црвена



17" ATAX наплатки



16" ISARA алуминиумски фелни. Достапни исклучиво со Grip Control* (опција)



17" SAVARA алуминиумски фелни



18" EXONA алуминиумски фелни

## www.peugeot.com.mk

Посетете ја веб страната www.peugeot.com.mk и откријте повеќе за Peugeot 3008.

## ТКАЕНИНИ*

*Во зависност од земјата.
**Седишта обложени со кожа.



Sibayak Tramontane ткаенина



Ombrage Guérande ткаенина



Ombrage Tramontane ткаенина



Tramontane кожа**



Guérande кожа**



Tramontane Integral кожа**



Guérande Integral кожа**